**УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

# Б И Л Т Е Н

## Бр. 417

**ГОДИНА XXXVII, Битола, 24.08.2016 година**

**Издание на Универзитетот “Св. Климент Охридски”- Битола**

Одговорен уредник М-р Офелија Христовска
Генерален секретар

Редакциски одбор Проф. д-р Виолета Маневска, проректор
Факултет за информатички и комуникациски технологии-Битола

Проф. д-р Светлана Николоска, проректор
Факултет за безбедност-Скопје

Проф. д-р Елизабета Бахтовска, проректор
Технички факултет-Битола

Проф. д-р Марјан Ангелески, проректор
Економски факултет-Прилеп

М-р Елена К.Ристоска, советник

Уредник М-р Елена К.Ристоска

Умножено на електронски печатар на Универзитетот
“Св. Климент Охридски” – Битола

# С О Д Р Ж И Н А

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**

Реферат за доделување титула Почесен доктор на науки на
НЕ Д-р Рудолф Шустер, поранешен претседател на Р. Словачка .......................................... 1

# Р Е Ф Е Р А Т

за доделување титула на почесен доктор на науки на
НЕ Д-р Рудолф Шустер, поранешен претседател на Р. Словачка

Врз основа на писмото бр. 14-985/1 од 06.07.2016, со кое сум назначен за Претседател на Рецензионата комисија заедно со членовите Проф. д-р Милорад Јовановски и Проф. д-р Елизабета Бахтовска за доделување титула почесен доктор на НЕ Рудолф Шустер, поранешен претседател на Република Словачка, имам чест да го доставам

## И З В Е Ш Т А Ј

Да се реконструира животниот и творечкиот пат на Рудолф Шустер е чин кој што е рамен на една интелектуална доблест во која 8-те децении во кои се одвива неговиот живот во XX и XXI век стануваат средиште на новата европска и светска историја, кои се исто толку турбулентни и во периодот на неговото раѓање и денес во периодот во кој што Универзитетот Св. Климент Охридски од Битола му го доделува највисокото признание – почесен доктор на науки или Doctor Honoris Causa.

Имено, од датумот на неговото раѓање 1934 година во Кошице, Рудолф Шустер поминува еден ексклузивен пат кој што може да кореспондира со спектакуларниот портрет што Џозеф Кемпбел го нарекува „херој со илјада лица" бидејќи токму тие илјада лица ние можеме да ги откриеме во неговата животна одисеја која започнува како градежен инженер специјализиран за конструктивно инженерство на Словачкиот технички факултет во Братислава, постдипломските истражувачки студии на полето на екологијата на Рударскиот факултет на Техничкиот Универзитет во Кошице, кон кое што се додаваат и неговите други професии кои ја надополнуваат сликата за овој несекојдневен дух и судбина во европската и светската историја.

Рудолф Шустер е во исто време и политичар и дипломат и автор и сценарист и политички писател и фотограф и камерман, а пред се е упорит патник, како да ја следи генијалната мисла на балканскиот поет Пењу Пенев – „Човекот е човек само кога е на пат".
Во случајот на Рудолф Шустер ние имаме типична волтеровска позиција на историски дух во образовниот и уметничкиот пејсаж, бидејќи неговата културофилија на историјата и собирањето слики, антиквитети и историска фотографска и кинематографска опрема се една исклучителна база во која неговата судбина наликува на античките визионери, средновековните неимари и тие што беа spiritus movens на европската Ренесанса. Тој е основач на музеј посветен на почетоците на словачката документарна кинематографија во Медзев.

Кога Вацлав Хавел стана претседател на Чешка, Милан Кундера од Париз му напиша: „Драги Вацлав, ти од твојот живот направи уметност!“
Уметноста, животот и политиката влегоа во единство во биографијата на Рудолф Шустер бидејќи  во сите негови политички позиции од 1960 година, од земјоделското планирање до хидрологијата и хидрауликата, до градоначалничката позиција на Кошице и до неговата дипломатска мисија во Канада, се до изборот за Претседател на Словачката Република и неговата инагурација на 15 јуни 1999 година до 2004 година тој се запишува во модерната европска и светска како личност која што се издигнува на енциклопедиските рамништа на оние духови што ја исполнуваат со својот енциклопедиски речник на срцето модерната епоха на светкската цивилизација.

Голем  број на личности во духовната и политичката историја на Европа ја поврзувале својата духовна посветеност со интересот на двете дефиниции на „политиката како уметност на можното“ и „литературата како уметност на невозможното“. Шустер ги соединува можното и неможното во повеќе жанри почнувајќи од радиодрамата до патеписниот предизвик, документарното новинарство во полза на документарниот реализам кој што овозможува уникатна артистичка експресија кое подоцна ја  дополнува сликата во бескрајот на драмската ситуација низ жанрот сценарио каде што Шустер се обидува да ја растајни не само улогата на човекот во историјата туку и улогата на историјата во човекот.

Култната книга „Употребата на светот“ на Никола Бувие започнува со цитатот на Шекспир: „I sell be go and live or stay and die!“ може да биде мото и на шустеровите патувања од Бразил и Аљаска до Исланд, Гренланд, Северниот пол, Камчатка и Чукотка, бидејќи, токму тука, ги наоѓаме синтезите на она што Св. Кирил Константин, заедно со неговиот брат Методија, кои патуваат од нашиве краишта во моравско-панонската мисија, го нарекуваат – колку повеќе духот осознава, толку е поблиску до создателот на вселената – Бог.

Мислам дека преводите на поголем број словенски и светски јазици докажаа дека понирањето на Рудолф Шустер кон големите меандри на вистината и неговата политичка мисија во донесувањето на „историски одлуки“ ќе биде окосница на двете филозофски синтагми, дали да се хероизира, дали да се банализира или да се хиперболизира денешното значење на зборот, во време во  кое што се уште одекнуваат зборовите на Теодор Адорно: „Дали воопшто има смисла да се пишува после Аушвиц?“

Рудолф Шустер низ својот животен и творечки пат покажа дека светскиот хуманизам за кого Хорхе Луис Борхес вели дека е столбот на светската цивилизација, не може да биде одржан доколку не го афирмира јадрото на цивилизацијата како „Историја на убавото“ наспроти „Историјата на злочинот“ и на човечките масакри од антиката до денес. Токму тој чин во документарната реконструкција, во филмската и книжевната нарација, во патеписната и романескната актива на Шустер ја издига неговата духовна авантура во европски и

светски рамки со кои бројните врвни меѓународни признанија на сите пет континенти и бројните почесни доктрати на врвните европски и светски универзитети се таа брилијантна позиција со која што Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола во годината кога се прославуваат 1100 години од упокојувањето на вечно живиот Светец Св. Климент, како заштитник на Македонија и ученик заедно со Св. Наум на светите рамноапостоли Кирил и Методил што се прогласени за заштитници на Европа, ни ја овозможува вечноста на библиската радост што ги поврзува Словачка и Македонија и визијата на прерано починатиот Борис Трајковски, претседател на Македонија, кои ја возобновија симбиозата заедно со Рудолф Шустер, дека сепак не политиката туку убавината може да го спаси светот, ја определува неповторливоста на мигот во кој што Рудолф Шустер е прогласен за Почесен доктор на науки на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола.

Нега го запомни историјата на минатото и историјата на иднината овој миг, ваша Екселенцијо, Докторе Honoris Causa, Претседателе и сестран уметнику, војнику и служителу на бескрајниот живот, како што велеше Оноре де Балзак, Господине Рудолф Шустер!

Претседател на Рецензентската комисија
Јордан Плевнеш
Ректор на Универзитетот за аудиовизуелни уметности
Европска Филмска Театарска и Танцова Академија
Скопје, Париз, Есен, Ротердам

Член на Рецензентската комисија
Проф. д-р Милорад Јовановски

Член на Рецензентската комисија
Проф. д-р Елизабета Бахтовска